**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403- 628/4**
**Скопје, 26.11. 2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НЕГОТИНО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Неготино за 2006 година кои се прикажани на страните 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Неготино за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Ѓорѓи Ќимов – градоначалник на општина Неготино во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 15.08.2007 до 24.08.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

_______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 10.1. Систем на интерни контроли во процесите

#### 10.1.1. Процес на утврдување и наплата на даночните приходи

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на утврдување и наплата на даночните приходи ревизијата утврди ризик од неточно утврдување на даноци, комунални надоместоци и такси.
Причина за овие ризици се неразграничените надлежности во одделението за утврдување на даноци и комуналното одделение кое се должи на недонесен Правилник за систематизација на општинската администрација согласно новите надлежности на единиците на локалната самоуправа и немање пишани процедури во процесот на утврдување, евидентирање и наплата на даночните приходи.
**Препорака:**

- Органите на општина Неготино да преземат активности за донесување Правилник за организација и систематизација на работите и работните задачи согласно новите надлежности на единиците на локалната самоуправа, и
- Да се изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на утврдување, наплата и евидентирање на даночните приходи.

### 10.2. Неправилна примена на акти

10.2.1. Советот на општина Неготино ја нема прифатено измената и дополнувањето на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација предложена од Градоначалникот согласно изменетите надлежности на единиците на локалната самоуправа кои произлегуваат од процесот на децентрализацијата на власта од централно на локално ниво. Во сила е Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Неготино од 2005 година, со кој се предвидени 8 работни места, а во 2006 година во општина Неготино има 18 вработени, од кои 8 вработени превземени од министерството за финансии и министерството за транспорт и врски, се со статус на државни службеници.
Непочитувањето на законските прописи создава услови за недефинирани надлежности и отсуство на разграничување на надлежностите во извршување на работите и задачите на вработените во општинската администрација во услови на зголемени надлежности кои произлегуваат од процесот на децентрализација на власта во Република Македонија.

**Препорака:**
Советот на општина Неготино во рамките на своите надлежности на една од своите седници да ја усвои измената на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација .

10.2.2. За утврдување на пазарната вредност на недвижниот имотот во Општина Неготино се користи Правилник за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјиштето донесен на 14.07.2006 од страна на Советот, во кој има преглед на цени по категории на земјиште и по зони. Согласно овој правилник општината е поделена на пет зони.
Во правилникот не е дефинирано која зона од истиот соодветствува со зоните утврдени со Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имотот.
Констатираните слабости создаваат можност за субјективно проценување на зонска припадност на улиците и погрешно утврдување на бодовите согласно Методологијата, а со тоа и можност за погрешно утврдување на даноците.
**Препорака:**
Органите на општина Неготино да извршат усогласување во Правилникот со цел дефинирање на зоните согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

**10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.3.1. Градоначалникот на Општина Неготино нема назначено одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи на општината, што е спротивно на член 16 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Исто така во администрацијата на општина Неготино не е вработен внатрешен ревизор што е спротивно на член 37 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Непочитувањето на законските одредби има влијание за вршење контрола на трошењето на средствата од буџетот и ефикасно воспоставување на системот на внатрешна сметководствена контрола.
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да преземе активности за операционализација на спомнатите законски одредби.

10.3.2. Електронската база на податоци за 2006 година не ги содржи само податоците за промените што произлегуваат од дневната евиденција на документацијата што ја има општина Неготино, туку ги содржи и податоците за приливите и одливите на средства на корисниците на Буџетот на општина Неготино (7 корисници) како од нивните наменски сметки, така и од сметките за сопствени приходи. Во некои од овие сметки (во програмите за образование и култура) не е можно да се изврши разграничување колку средства се од Буџетот на општината, а колку средства се од наменските дотации. Овој начин на искажување на промените не овозможува увид во состојбата на сметката на Буџетот на општина Неготино и претставува консолидирано сметководство на Буџетот на општина Неготино заедно со неговите корисници.
Организирањето на сметководствената евиденција на начин спротивен на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници содава можности за погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на погрешни финансиски извештаи.
**Препорака:**
Електронската база на податоци да ги содржи податоците кои произлегуваат од тековното работење на општина Неготино.

### 10.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.4.1. Приходите и расходите искажани во билансот на приходи и расходи за 2006 година, се искажани во помал износ од 7,511 илјади денари. Ова се должи на неспроведени цесии и компензации низ платниот промет на трезорскиот систем врз основ на договори со:

- Елград- Неготино - 861 илјади денари
- ЕСМ - 5,867 илјади денари и
- Градба Промет-Кавадарци - 783 илјади денари

Заради примена на паричното начело на искажување на промените во сметководството на општина Неготино, по овие цесии и компензации евидентирани се промени само на сметките за Обврски кон добавувачите и Активните временски разграничувања на сметката на Органот на општина Неготино.

**Препорака:**

Договорите за цесии и компензации да се спроведуваат низ платниот промет на трезорскиот систем врз основа на принципот на буџетско сметководство.

### 10.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

10.5.1. Службите на општина Неготино немаат воспоставено евиденција на Побарувањата по основ на склучени договори за надомест за уредување на градежно земјиште со правни и физички лица. Ова е резултат на невоспоставени процедури за движење на документацијата од одделението за урбанизам до одделението за финансии.

Ревизијата утврди неевидентирано ненаплатено побарување во износ од 814 илјади денари од физичко лице кое согласно договорот требало да се плати најдоцна до 01 јуни 2006 година. Службите на општина Неготино немаат превземено мерки за негова наплата.

Ефект од неевидентираното побарување е погрешно проценување на позициите Побарувања и Пасивни временски разграничувања, односно искажани се секоја поединечно во помал износ од 814 илјади денари.

**Препорака:**

Да се воспостави евиденција на сите побарувања по било кој основ од кој општина Неготино остварува приходи.

### 10.6.Ненаменско и незаконско користење на средствата

### 10.6.1.Направени расходи без претходно обезбдени средства со буџет/финансов план и спротивно на законските прописи

10.6.1.1. Спротивно на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за Буџетите, без Одлука за прераспределба на планираните средства, од сметката на Буџетот потрошени се повеќе средства за износ од 1.802 илјади денари, од планираните со Буџетот, а се однесуваат за позицијата Комунални услуги.

Непостапувањето на органите и службите на општина Неготино согласно законските одредби придонесува за ненаменско користење на средствата со кои располага општината.

**Препорака:**

Надлежното одделение да го следи извршувањето на буџетот и согласно законските одредби градоначалникот да предлага на советот да се вршат одредени интервенции во буџетот односно одлуки за измена и дополнување на истиот.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.4. и 10.5. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Неготино на 31 декември 2006 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точка 10.6.1. кај сметката на Буџетот на Општина Неготино, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**13. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Буџетот на општина Неготино во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**
**13.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

13.1.1. Извршено е корегирање на позициите Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите како во активата така и во пасивата во износ од 284 илјади денари. Извршено е зголемување на овие позиции поради евидентирање на побарувањата од подрачните единици на министерствата како корисници на простории во општинската зграда, а за заедничките трошоци од работењето. До спроведените исправки овие побарувања беа евидентирани на сметката на Органот.

**14. Ревизијата смета за потребно да го обелодени следново:**

14.1. При усвојувањето на годишна сметка на општина Неготино не се приложени на усвојување извештајот за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност и извештајот за реализацијата на инвестиционите програми, наменските и капиталните дотации, така што пред советниците не се презентирани дополнителни објаснувања кон податоците прикажани во годишната сметка.
Презентирање и усвојување на спомenатите извешти одделно од годишната сметка не придонесува кон транспарентност на работењето на општинската администрација и можност за презентирање на различни податоци.
**Препорака:**
Тргнувајќи од определбата за поекономично и транспарентно работење и ограничените финансиски можности на општините, при усвојување на годишната сметка која е составен дел на Годишниот извештај, на Советот на општината да му бидат доставени на усвојување и извештаите предвидени со одредбите од член 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

**15. Преземени мерки по препораките од предходна ревизија**

Во врска со преземените мерки по препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Б уџетот на општина Неготино за 2000 година, ревизијата утврди дека со промената во законската регулатива надминати се утврдените неправилности.

**Скопје, 20.11.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 12,765 | 12,380 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 1,502 | 454 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 33,277 | 13,295 |
| **Вкупно приходи** | | **47,544** | **26,129** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 7,423 | 5,636 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 7,677 | 7,771 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | - | 0 | 313 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.3. | 2,399 | 1,421 |
| Социјални бенефиции | 3.4.5. | 398 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **17,897** | **15,141** |
| **Капитални расходи** | 3.5. | 28,257 | 2,086 |
| **Вкупно расходи** | | **46,154** | **17,227** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1,390** | **8,902** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1,390 | 8,902 |
| Побарувања | 4.1.2. | 8,622 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4.1.3. | 284 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **10,296** | **8,902** |
| **Вкупна актива** | | **10,296** | **8,902** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 4.2.1. | 284 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 10,012 | 8,902 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **10,296** | **8,902** |
| **Вкупна пасива** | | **10,296** | **8,902** |